Христо АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ

# ЛЕНИН И ИСТОРИЈАТА*)

**„ВЛАДИМИР ИЛИЧ ЛЕНИН така убаво ја знаел историјата на минатото што можел и умеел да гледа на сегашноста од иднината... Тој воопшто, како никој до него, умеел да го предвиди она што ќе биде. Тој умеел и можел да го прави тоа, затоа, што со половината од својата душа живеел во иднината, железната, но еластична логика му ја покажа на него иднината...“[1])**

Оваа висока определба на големиот мајстор на рускиот збор — Максим Горки, за една суштински содржајна и богато разновидна страна од научната, а воедно и револуционерната дејност на Владимир Илич Ленин, претставува несомнено и извонредно признание, вистинито уточнување на една вистинита настојчивост и афинитет кон историската наука. Овој стојносен придонес на Владимир Илич е само дел на сето она грандиозно што овој брилијантен мислител, научник, револуционер и пролетерски водач го дал и го вградил во науката, кон историјата на марксизмот, во меѓународното работничко движење, во пиедесталот на современата епоха.

Како верен следбеник и доследен продолжувач на делото на основачите на научниот социјализам — Карл Маркс и Фридрих Енгелс, Владимир Илич Ленин превосходно успеал да го развие нивното учење, да го усоврши до висок степен во сосем новите историски услови, да даде со тоа одговор на низа најважни и суштествени проблеми на современата епоха, епохата на XX век. Токму затоа со името на Владимир Илич е поврзана новата епоха во историјата на марксизмот. Неговите неоценливи гледишта покажаа длабоко воздејство на сета светска историја, врз крупните револуционерни преобразувања на нашето време. Затоа сосем сигурно може да се потврди дека Лениновата личност доминира на светската сцена од XX век, таа има светско-историско значење и означува несомнен придонес во новата епоха на човештвото.

---

*) Со објавувањето на статијава, Редакцијата се придружува кон одбележувањето 50-годишнината од смртта на Владимир Илич Ленин.

[1]) Максим Горький, Собрание Сочинения. Т. 24. Москва 1953, 377.

Високо ценејќи ги научните достигања Владимир Илич го усовршил научниот метод, со особена смелост ја внел и применил науката во објаснувањата на современите движечки процеси, на револуционерните преобразувања, во тактиката, стратегијата и акцијата на револуцијата. Затоа се вели дека тој бил оригинален научник во револуцијата и револуционер во науката.[2])

Владимир Илич Ленин има голем придонес кон историската наука. Тој, како К. Маркс и Ф. Енгелс, не бил професионален историчар, но со особено внимание и интерес ја изучувал историјата, движечките историски појави во развитокот на човештвото. Неговиот афинитет кон историјата опфаќа разновиден и широк спектар на историографски проблеми. Историографското наследство на Владимир Илич е богато и разнострано. Неговата творечка лабораторија како историчар[3]) опфаќа безброј вонредно значајни прашања од општата светска и од руската историја, од историјата на марксизмот, на меѓународното работничко и социјалистичко движење, од револуционерното, националноослободителното и колонијалното движење, од методологијата на историската наука. Тој се обидел да даде одговор и решение на низа општествени и револуционерни појави од минатото и современоста. Со тоа неговиот научен потход во обработката на историската проблематика е фундаментален и означува бележит пример и придонес кон историографијата.

## 1.

Владимир Илич Ленин живеел и дејствувал во едно исклучително време, во времето на прераснувањето на домонополистичкиот капитализам во монополистички, во империјализам. Овој забележлив процес е карактеристичен за целиот свет, во поголема и помала мера тој се одразил и врз развитокот на Русија. Таа се развивала како типична капиталистичка земја во која сè уште биле сочувани остатоци од феудализмот. Тоа се преплетувало со феудално-воен империјализам, со дворјанско-поседничко земјоделие, со самодржавие, со политичко, социјално и национално угнетување.

Во оваа земја, од седумдесеттите години на XIX век натаму, продолжиле да господарат остри економско-социјални, политички и класни спротивности. Сè повеќе и повеќе се продлабочувала класната борба помеѓу селанството и поседниците, помеѓу пролетаријатот и буржоазијата. Карактеристична е појавата на сè побрз растеж на работничката класа. Од почетокот

---

2) М. Е. Найденов, В. И. Ленин и Отечественная история. — История СССР 2 (1965), 23.

3) К. П. Маслов, В. И. Ленин и советская историческая наука. — История СССР 3 (1970) 154.

на деведесеттите години на XI век пролетаријатот станува авангарда во класната борба. Создавањето на сојузништво со селанството сè повеќе води кон заострување на постојната револуционерна ситуација која има неизбежна цел-ликвидација на постојното ненародно устројство и создавање на можности и перспективи за подготовка на народна револуција. Тоа со време прераснува во непосреден стремеж за премин кон социјалистичка револуција.[4]) Овој специфичен развиток на Русија по седумдесеттите години на минатиот век имал влијание и врз глобалниот историски процес што го карактеризирало тоа време. Секако, тоа и го принудило Енгелса на едно место да забележи (1883 г.) дека Русија — тоа е Франција на сегашниов век.[5])

Оваа атмосфера влијаела врз развивањето на личноста на Владимир Илич кој всушност, беше рожба на таа епоха која историски ја услови неговата појава. Од тоа произлезе и феноменот тој да се издигне како вистински изразувач на надежите и стремежите за исполување на историската мисија на пролетаријатот, да стане теоретски и практичен израз на неговата револуционерна акција.

Постојната состојба на работите во татковината на Ленин стриктно беше поврзана и условена од општите движечки светски процеси. Тука, пред сè, беше состојбата во меѓународното работничко движење во кое се чувствуваше голема празнина по смртта на К. Маркс и Ф Енгелс. Токму таа празнина ја надополни Владимир Илич кој се издигна над својата средина, придонесе за доразвивање на марксистичката теорија, означи со појавата на ленинизмот нова етапа во развитокот на марксизмот. Оваа револуционерна теорија опфаќаше низа актуелни аспекти меѓу кои историјата заземаше видно место.

## 2.

Лениновата историска концепција се изградувала преку сестрано усвојување на теоретските поставки на научниот социјализам и со внимателно запознавање на најзабележителните прашања од областа на историјата и на историската наука.

Од забележувањата на Лениновите современици, каталозите на Лениновата библиотека во Кремл и од употребената литература во Лениновите трудови може со точност да се установи дијапазонот на Лениновиот интерес на полето на политичката и историска литература.

Владимир Илич растел и се воспитувал во прогресивна домашна атмосфера. Уште на младини се запознал со револуционерно-демократската литература. Врз него најповеќе влијание

---

[4]) Историография истории СССР. Москва 1971, 319—320.

[5]) К. Л. Селезнев, Ф. Энгельс и начало революционной деятельности В. И. Ленина. — История СССР 2 (1964), 24.

имал брат му Александар кој бил вмешан во револуционерно-ослободителното движење. Од него Владимир Илич слушал за Маркса и за неговиот капитален труд — „Капиталот".[6]) Во време на гимназиските денови Владимир Илич ги читал делата на руските револуционерни демократи: Н. Г. Чернишевски, Н. А. Доброљубов, Д. И. Писарев.[7]) Истото го продолжил и на универзитетот во Казан каде што започнал да студира во 1887 година. Но поради учество во студентските немири, бил заточен во Кокушкино (Казанска губернија). Тука сесрдно читал и се самообразувал.[8]) По враќањето во Казан продолжил сериозно да ги изучува класиците на научниот социјализам. Во есента 1888 година се занимавал со детално изучување на Марксовиот „Капитал" и некои Енгелсови трудови.[9]) Освен тоа, Владимир Илич ја студирал и историската литература.[10]) Од 1889 година Владимир Илич се префрла со семејството во Самара каде продолжил со самообразованието. Ги читал делата на Маркс и Енгелс на германски и француски јазик и го превел „Манифестот на комунистичката партија" на руски јазик. Со студирањето на нивните дела станувал убеден марксист. Тука започнал да ја изучува економиката, и минатото на Русија и руското ослободително и револуционерно движење. Освен тоа, ги читал и делата на француските историчари — Миње, Гизо и др. и преку нив се запознавал со историјата на Франција.[11]) Во време на подготовките на испитите за Правниот факултет во Петроград тој ја изучувал општоисториската и историско-правната литература. Со внимание се однесувал кон историографијата и кон нејзините резултати, посебно кон историската и општествено-политичката мисла.[12])

Во август 1893 година Владимир Илич преминува во Петроград како изграден марксист. Тука продолжува со интензивно изучување на филозофската и политичко-историската литература и исцело се посветува на работничкото и социјалистичкото движење.[13])

За да воспостави врски со задграничните руски работнички организации, Владимир Илич во април 1895 година заминал

---

6) Б. Волин, Ленин в Поволжье. Москва 1956, 12—34.

7) Ibidem, 42.

8) Ibid., 65—71; Ленин Владимир Илич. Москва 1944, 6.

9) Б. Волин, Op. cit., 76—78; Ленин Вл. Илич., 8; А. И. Ульянова — Елизарова, Воспоминания об Ильиче. — Воспонинания о Владимире Ильиче Ленине. Т. 1. Москва 1956, 19; А. И. Ульянова, Детские и школьные годы Ильча. Москва 1956, 44.

10) С. Л. Пештич, О круге историографических интересов В. И. Ленина. — В. И. Ленин и историческая наука. Ленинград 1970, 93.

11) Б. Волин, Op. cit., 91—103; Ленин Вл. Илич., 10—11; С. Л. Пештич, Op. cit., 93.

12) М. Е. Найденов, Op. cit., 25.

13) Б. Волин, Op. cit., 25; А. И. Ульянова — Елизарова, Op. cit., 25; Ленин Вл. Илич., 16—17.

за Европа. Во Швајцарија, Франција и Германија се запознал со западноевропското работничко движење и интензивно работел во библиотеките на овие земји.[14])

Со самообразованието продолжил и за време на заточението во Сибир (1897—1900) каде што бил испратен под обвинение за революционерна дејност. На заточение Ленин работел и научно. Успеал да се занимава за научно-истражувачка дејност и да ги комплетира своите научни студии во кои историјата има виден простор.[15])

По завршувањето на заточението во јули 1900 година Ленин заминува во западна Европа. Тука престојува подолго и успева да се посвети на научно-истражувачка работа, во изучување на работничкото и пролетерското движење, во интензивирање на организационите мерки за создавање на масовно работничко движење во Русија врз марксистички начела.

Во текот на оваа долготрајна емиграција, која до 1917 година опфаќа два периоди, Ленин интензивно работи во европските библиотеки врз филозофски, историско-социолошки и економски проблеми и ги комплетира своите научни работи. Тој работел во „Société de Lecture" во Женева, во Империската библиотека во Берлин, во Националната библиотека во Париз, во Британскиот музеј во Лондон, во Краковската и во Бернската библиотека, како и во други библиотеки на Европа.[16])

Со интензивното проучување на научниот социјализам, со разработката на проблемите од филозофијата, историјата и економиката му спомогнало мошне многу на Владимир Илич Ленин нивните заклучоци творечки да ги примени во доразвивањето и усовршувањето до повисок степен на марксовото учење, да ги постави со тоа фундаменталните основи на ленинизмот. Во тие негови проучувања историјата и нејзините разновидни аспекти заземаат видно место. Тој ги истражувал проблемите преку критичко користење на историските извори[17]) и на стандардната историографска литература кои му спомогнале достатно многу во целосно вообликување на научните резултати по ред проблеми.

---

14) Ленин Вл. Илич., 29; Н. К. Крупская, Из воспоминаний о В. И. Ленине. — Воспоминания о В. И. Ленине, 78.

15) Ленин Вл. Илич., 32—41.

16) М. Пианзола, Ленин в Швайцарии. Москва 1958, 30; М. Ульянова, Ленин в письмах к родным. — Воспоминания о Ленине., 204—205; Ленин Вл. Илич., 53—154; Н. К. Крупска, Успомене о Лењину. Београд 1960, 64 (Н. К. Крупская, Воспоминания о Ленине, Москва 1957).

17) И. В. Степанов, Приемы научной работы над материалами социально-экономической статистики во трудах В. И. Ленина. — В. И. Ленин и историческая наука. Ленинград 1970, 32—33.

## 3.

Кон научната обработка на проблемите од историјата Владимир Илич Ленин пристапил по претходно солидно изучување, разработување и усвојување на фундаменталните основи на научниот социјализам. Самиот тој велел дека „... ние стоиме исцело на почвата на марксовата теорија, таа за прв пат го претвори социјализмот од утопија во наука, создаде здрави основи на таа наука и го набележа патот по кој треба да одиме, развивајќи ја понатаму и разработувајќи ја во сите нејзини детали...“[18]) Поставките на научниот социјализам му послужиле на Ленина да ги објасни движечките процеси во општествениот развиток на човештвото, подвлекувајќи притоа дека секоја историска епоха од светската историја го потврдува марксизмот со нов триумф.[19]) Поставките на марксизмот Ленин не ги изложувал апстрактно, туку ги применувал кон конкретните историски услови, кон постојната дејствителност. Врз основа на научниот социјализам Ленин изградил ново обопштување, забележал видни резултати кои го карактеризираат големото учење на марксизмот-ленинизмот. Како клучен пункт во ова учење стојат фундаменталните поставки за материјалистичкото разбирање на историјата. Уште во својата прва работа „Што се тоа пријателите на народот“ Владимир Илич го акцентира материјалистичкото објаснување кое веќе „...не е хипотеза, туку научно докажана теза.“[20]) Во конспектите кон „Светото семејство“ од К. Маркс и Ф. Енгелс и кон „Лекциите по филозофија на историјата“ од Хегел Ленин поаѓа од материјалистичкиот принцип во толкувањето на Хегеловата филозофска концепција на историјата. На маргините на Хегеловите „Лекции“ Ленин бележи интересни мислења заради објаснување на Хегеловите гледишта, на неговите дијалектични разбирања за историјата, наоѓајќи кај него никулци на историскиот материјализам.[21]) Истото Ленин го прави и при конспектирањето на „Основните прашања на марксизмот“ од Г. Плеханов, акцентирајќи го материјалистичкото разбирање на историјата како правилен научен метод.[22])

---

[18]) В. И. Ленин. Биография, София 1960, 13.

[19]) Д. М. Кукин, В. И. Ленин — великий продолжатель дела Карла Маркса. — Вопросы истории 4 (1968), 6.

[20]) В. И. Ленин Што се „пријателите на народот“ и како тие се борат против социјалдемократите?. — В. И. Ленин, Одбрани дела (Избор: Ј. Јосифовски, Ѓ. Старделов). Т. I. Скопје, „Култура“ 1967, 38 (Что такое „друзья народа“ и како они воюют против социал-демократов. — В. И. Ленин, Сочинения. т. 1[4], 111—313).

[21]) В. И. Ленин, Филозофски тетратки. — В. И. Ленин, Одбрани дела, т. 10. Скопје 1968, 36, 282—288 (Философские тетради. — В. И. Ленин, Сочинения. т. 38, 1—36, 73—231).

[22]) В. И. Ленин, Г. В. Плеханов, „Основните прашања на марксизмот. СпБ. 1908. — В. И. Ленин, Одбрани дела, т. 10, 349 В. И. Ленин, Сочинения, т. 38, 403—406).

Поаѓајќи од марксовото учење за материјалистичкото разбирање на историјата, Ленин ги обопштува заклучоците за улогата на општественото производство, севкупноста на производствените односи како составен дел во економската структура на општеството, реална база врз која се издига правната и политичката наградба и на која ѝ одговараат определени форми на општествената свест. Начинот на производството на материјалниот живот го обусловува социјалниот, политичкиот, духовниот процес на животот воопшто. Од таа основна призма Ленин ја подвлекува концепцијата на материјалистичкото разбирање на историјата кое е, според него, „...доследно продолжение, проширување на материјализмот врз областа на општествените појави и ги отстранува двата главни недостатоци на поранешните историски теории...“ така што „...историскиот материјализам за прв пат даде можност со природно-историска точност да се изучуваат општествените услови на животот на масите и изменувањето на тие услови...“ Токму затоа разбирање на историјата „...го покажа патот на сеопфатното, сестраното изучување на процесот на појавата, развитокот и пропаѓањето на општествените формации...“ Со ова толкување се покажа патот на научното толкување на историјата „...како единствен, во сета своја огромна разновидност и противречност, закономерен процес.“[23])

Врз основа на материјалистичкото разбирање на историјата Ленин ги објаснувал историските појави и настани. Тој е мошне внимателен во научниот потход, зошто, според него, „материјализмот содржи во себе партиски став, бидејќи нè обврзува да го прецениме секој настан, отворено и јасно да заземеме гледиште...“[24])

Во научната поставеност на тоа гледиште Ленин поаѓа од принципот на историзмот, како најважен и постојано присутен пристап. Со тој принцип Ленин се раководел во оценувањето на појавите и процесите во разработката на теоријата и практиката на неговото учење. Тука се содржел аспектот за изучување на појавите зависно од настаните и разгледување на истите врз основа на сиот процес на општествениот развиток.[25]) Овој суштествен принцип на историзмот во кој стриктно се вклопу-

---

[23]) В. И. Ленин, Карл Маркс. — В. И. Ленин, Одбрани дела, т. 6, Скопје 1967, 112—114 (Карл Маркс. — В. И. Ленин, Сочинения, т. 21, 27—74).

[24]) Anri Lefevr, Lenjinova misao. Beograd 1959, 57. Види: Ф. Горохов, Ленин и историческöй материализм. Москва 1958; К. П. Федотов, В. И. Ленин и историческöй материализм. Ленинград 1960.

[25]) М. С. Персов, Обобщения исторического опыта в работах В. И. Ленина. — В. И. Ленин и историческая наука. Москва 1960, 107—108; Х. Г., Могильницкий, В. И. Ленин об опыте истории. — История СССР 2 (1970), 8; М. С. Персов, В. И. Ленин об использовании исторического опыта буржуазных революции. — История и историки. Москва 1965, 28.

вала објективноста и партијноста, според Ленин, чинел најважен елемент во научниот потход кој бил должен да го спроведува секој историчар во својата научна работа.[26])

Во Лениновата историска концепција важна е определбата за закономерниот развиток на општествено-економските формации кои се сменувале и се одликувале со своите противречности една по друга. Овој поим Ленин го анализирал уште во 1894 година, согласно на Марксовите поставки во „Капиталот".[27])

Владимир Илич Ленин ја изучил и ја образложил и суштината за класната борба како особено значајна појава во научното објаснување на сиот историски процес. Тој ја образложува закономерноста во формирањето на класите и на класната борба и нејзината решавачка улога во развитокот на човештвото. Класната борба, според него, е внатрешен механизам на едно општество. Ленин дал карактеристика и за особеностите на класното општество, од каде треба да произлезе излезот за бескласното општество.[28])

Во својата историска концепција Ленин изнел и стојносни забележувања и во врска со улогата на личноста во историјата, акцентирајќи ги општествените услови како исходен момент кои оваа категорија ја детерминирале.[29]) Кај Ленин е нагласен и проблемот на искористување на историското искуство како критериум на вистината, за испитување на минатото, запознавање на сегашноста и предвидување на иднината, односно за признавање на диалектичното единство на минатото, сегашноста и иднината.[30])

Образложението на материјалистичкото разбирање на историјата му овозможило на Владимир Илич да пристапи и кон разјаснување на методологијата на научниот потход, за објективно и сестрано истражување на историјата и на нејзините појави. Оваа методологија тој ја разбирал како единство на марксистичката теорија за историскиот процес и марксистичкиот метод за истражување на тој процес. Во својот прилог „Статис-

---

[26]) П. Н. Поспелов, В. И. Ленин и историко-партийная наука. — В. И. Ленин и историческая наука. Москва 1968, 17.

[27]) A. Lefevr, Op. cit., 160. Види: М. А. Рубач, В. И. Ленин о познании противоречий исторического процесса. — В. И. Ленин и историческая наука. Москва 1968, 92; М. С. Персов, Op. cit., 110; Б. Д. Греков, Избраные труды. Т. III. Москва 1960, 370; Д. Ф. Козлов, Ленинские принципы методологии познания социальных явлении. — В. И. Ленин и актуельные проблемы исторического материализма. Москва 1970, 46.

[28]) История и социология. Москва 1964, 17; М. П. Ким, Развитие В. И. Лениным марксистского учения о классах и партиях. — Вопросы истории 11 (1969), 3—25; Е. С. Компан, В. И. Ленин о классах, сословиях и классовой борыбе в феодальном обществе. — В. И. Ленин и историческая наука. Москва 1968, 291; Г. Бакалов, Избрани исторически произведения. София 1960, 438.

[29]) Г. Л. Фурманов, Проблема личности в трудах В. И. Ленина. — В. И. Ленин и актуельные проблемы истор. материализма, 198—221.

[30]) Б. Г. Могильницкий, Op. cit., 14—19.

тика и социологија“ тој изнел свои конкретни и аргументирани поставки за елементите на научниот метод. Тој поаѓа од тоа дека фактите се несомнено значајни, тие се фундамент на проблемот. Меѓутоа, не се земаат одделни факти, туку сета целокупност на фактите, без ниеден исклучок за што инаку ќе се појави сомневање за произволност и нема да има објективна врска и заемна зависност на историските појави во нивната целост.[31]) Овој Ленинов пристап кон конкретните историски факти е особено значаен за збогатување на научно-истражувачката дејност на полето на историографијата.[32])

Лениновата историска концепција содржи и други прашања на историското истражување, за разбирањето на неопходноста и случајноста во објективните врски, потоа за историската типологија[33]), периодизацијата, терминологијата, како и други методолошки проблеми кои придонесле до голем степен за поставување на историографијата како единствена наука во семејството на науките.

## 4.

Материјалистичкото разбирање на историјата му спомогнало на Владимир Илич Ленин да разработи низа историски проблеми од минатото на човештвото. Разработувањето на минатото му дало на Ленина еклатантна можност да ја предвиди современоста, неразделните движечки историски процеси. Тој пројавувал голем интерес кон општата светска историја, а посебно кон различните етапи од руската историја.

Од доменот на општата светска историја Ленин се обидел да објасни низа проблеми. Пред сè, тоа се забележителните и карактеристичните општествени и социјални појави, настанувањето на класните државни организми во древноста, специфичностите во развитокот на феудализмот и другите белези на средновековјето.[34])

Видно внимание во своите истражувања Ленин обрнал на проблемите на феудализмот, на класната борба крепосните односи и на селанското движење во руската средновековна историја.[35]) Од оваа проблематика Ленина го привлекол карактерот

---

[31]) В. И. Ленин, Статистиката и социологијата. В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 7. Скопје, 1967, 300—302 (В. И. Ленин, Сочинения. Т. 23, 265—271)

[32]) Б. Г. Литвак, Ленинские приемы источниковедческого анализа и методика исследования массовой документации. — История СССР 2 (1970), 67; М. Е. Найденов, Op. cit., 25.

[33]) М. А. Браг, О некоторых методах типологизации исторических явлений в трудах В. И. Ленине. — История СССР 2 (1973), 21.

[34]) Б. Д. Греков, Op. cit., 382; С. Д. Сказкин, В. И. Ленин и некоторые проблемы медиевистики. — Средние века XVIII (1960), 3—8.

[35]) Види: В. В. Мавродин, В. И. Ленин о классовой борьбе крестян в феодальной России. — В. И. Ленин и историческая наука. Ленинград

во развитокот на руската држава, на рускиот апсолутизам, особеностите на руското самодржавие како специфичен вид на апсолутистичко владеење, и живо се интересирал за селанските војни како повисока форма на класните спротивности. Тој го разоткрил класниот карактер на руската монархија, нејзината класна структура и класната суштина.[36]) Неговите марксистички заклучоци за специфичностите и особеностите во развојот на руското средновековје имаат големо значење во правилното научно претставување на таканаречениот „руски историски процес".

Разработувајќи ги основните страни на научниот социјализам Владимир Илич Ленин посебно се задржал на специфичните особености на капитализмот, на периодот на буржоаските револуции и на периодизацијата на историјата на новиот век. Во мошне важната статија под наслов „За старите, но вечно новите вистини" Ленин го доразвива мислењето за значењето на најраните буржоаски револуции од XVII и XVIII век кои одиграле крупна улога во развитокот на капитализмот.[37]) Посебен акцент тој придава на резултатите од Француската буржоаска револуција од 1789 година и на револуционерните придобивки на јакобинската диктатура.[38]) Ленин се задржал и на прашањето за нееднаквите општествени постигања во револуциите од 1848/1849 година кои претставувале посебни типови во завршувањето на буржоаските придобивки и на капиталистичката преобразба во европските земји. Меѓутоа, во овие локомотиви на историјата, како особено значајно, Ленин ја потцртува уло-

---

1970, 5—9; Истиот, Феодальная Россия в трудах В. И. Ленина. — Вопросы истории 4 (1970), 165—182; А. М. Сахаров, В. И. Ленин о социально-экономическом развитии Феодальной России. — Вопросы истории 4 (1960), 77—93; А. М. Сидоров, Ленин о русском военно — феодальном империализме. — История СССР 3 (1961), 47—70; А. М. Сахаров, Работа В. И. Ленина над источниками по русской истории. — Вопросы истории 4 (1970), 152—164; Историография Истории СССР., 336—337.

36) А. М. Сахаров, Ленин об основныя этапах развития русского государства. — В. И. Ленин и историческая наука. Москва 1968, 302—316; А. А. Зимин, Проблемы истории России XVI в. в свете ленинской концепции истории русского феодализма. — В. И. Ленин и истор. наука, 318—319; С. О. Шмидт, В. И. Ленин о государственной строе России XVI—XVIII в. — В. И. Ленин и истор. наука., 330—346; В. А. Петрова, В. И. Ленин об абсолютизме в России. — В. И. Ленин и историческая наука. Ленинград 1970, 14—19.

37) Б. Ф. Поршнев, В. И. Ленин о ранних буржуазных революциях. — Новая и новейшая история 2 (1960), 50—66; И. С. Галкин, Некоторые проблемы новой истории в трудах В. И. Ленина. Новая и новейшая история 4 (1961), 112.

38) В. Г. Ревуненков, Новое в изучении Великой Французской революции и взгляды В. И. Ленина. — В. И. Ленин и истор. наука. Ленинград 1970, 139; И. И. Сиволап, В. И. Ленин и проблемы истории Франции. — Новая и новейшая история 2 (1970), 232.

гата на народните маси — движечките сили во историскиот општествен прогрес.[39])

Проучувањето на капитализмот Ленин во повеќе случаи го базирал врз Марксовиот „Капитал“. Врз основа на одличното познавање на поставките во овој капитален труд, Ленин ја синтетизирал конкретната економска состојба во Русија. Резултат на тоа е неговиот капитален труд „Развитокот на капитализмот во Русија“. Во него е дадена генеза на капитализмот и етапите во неговиот развиток. Ленин прави анализа и на теоретските поставки на економистите-народници, на одделните специфични страни од воведувањето на капиталистичкиот начин на производството во индустријата, земјоделието и во другите гранки на стопанството.[40]) Овој труд на Ленин е работен врз основа на мошне богат изворен материјал и претставува длабок марксистички истражувачки приод кон нововековната историја на Русија.

Од периодот на нововековната историја на Русија Ленин обрнал внимание на ослободителното и револуционерното движење во оваа земја во XIX век.[41])

Поголемо внимание Владимир Илич Ленин одделил на феноменалната појава на Парискаta комуна како прва пролетерска држава. За оваа пролетерска придобивка Ленин напишал повеќе прилози. Стојносна анализа изнел во својот фундаментален труд „Државата и револуцијата“. Применувајќи историско политички третман, тој го нагласувал големото значење на Комуната како прв обид на пролетерска револуција.[42]) Виден простор Ленин посветил на користењето на искуството од Комуната за останатите пролетерски и револуционерни движења во светот, а особено во Русија.[43])

---

[39]) М. С. Персов, Op. cit., 110—111.

[40]) В. И. Ленин, Развитокот на капитализмот во Русија. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т .2. Скопје 1967, 27, 39—41, 279—431 (В. И. Ленин, Развитие капитализма в России. — В. И. Ленин, Сочинения. Т. 3, 1—535).

[41]) Види: И. Д. Ковальченко, В. И. Ленин об этапах революционного движения XIX в. в России. — Вопросы истории 4 (1960), 59—76; М. В. Нечкина, В. И. Ленин — Историк революционного движения России. — В. И. Ленин и истор. наука. Москва 1968, 41—48; А. Ф. Смирнов, К вопросу о Ленинской концепции освободительного движения в России. — История СССР 2 (1970), 51—65.

[42]) В. И. Ленин, Државата и револуцијата. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 7. Скопје 1967, 352—372 (Исто: Државата и револуцијата, Скопје 1960)/В. И. Ленин, Государство и революция. — В. И. Ленин, Сочинения, Т. 25, 353—462/.

[43]) Я. И. Дразнинос, Некоторые проблемы революционного прошлого Франции в работах В. И. Ленина. — В. И. Ленин и истор. наука. Москва 1968, 519; Е. М. Жуков, Ленин, историк, Современность. — Новая и новейшая история 4 (1970), 4; А. Т. Кинкулькин, В. И. Ленин о Парижской коммуне. — Преподавание истории в школе 4 (1970), 48—49; Н. Чинго, Парискaта комуна и Ленин. — Историја VII/1 (1971), 67—86.

6*

Посебно значење во Лениновата историска концепција имаат неговите студии на империјализмот. За начинот како пристапувал кон овие студии дознаваме од неговите „Тетратки по империјализмот“, еден опстоен преглед на грижливо собран материјал. Резултат на овие проучувања е трудот „Империјализмот како највисок стадиум на капитализмот“ — фундаментално дело на научниот социјализам и комунизам, непосредно продолжение на Марксовиот „Капитал“. Тоа е содржајна студија за развитокот на капитализмот на преминот од XIX кон XX век. Тоа е феноменално откритие на Ленин, голем негов придонес кон марксистичката теорија.[44]) Во студијата се анализирани сите суштествени белези во развојот на монополистичкиот капитализам, со одредување на неговото историско место во современата историја како предвечерие на социјалистичките револуции.[45])

Разработувајќи ги особеностите на империјализмот, Ленин се задржал и на некои карактеристични појави во оваа епоха. Пред сè за нацијата, за правото на нациите за самоопределување, како и прашањето за национално-ослободителните и антиколонијалните движења на поробените народи.[46]) По ова прашање тој оставил големо наследство преку кое може да се установат низа карактеристики на овие движења, нивната условеност со економската и политичката поделба на светот меѓу снагите на империјализмот.[47]) Посебен интерес Ленин пројавил

---

[44]) М. Е. Найденов, Op. cit., 45—47. Види: P. Vranicki, Historija marksizma. T. I. Zagreb 1971, 365—368; М. Г. Терновой, Учение В. И. Ленина об общем кризисе мирового капитализма. Киев 1964; Die Leninsche Lehre von Imperialismus und die Gegenwart. Moskau 1970, 7—83.

[45]) Види: В. И. Ленин, Империјализмот како највисок стадиум на капитализмот. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 7. Скопје 1967, 21—156 (Исто, Скопје 1962) /В. И. Ленин, Империализм, как высшая стадия капитализма. — В. И. Ленин, Сочинения. Т. 22, 173—290/.

[46]) Види: М. Ф. Юрьев, Проблемы истории национальнно-освободительного движения народов Азии в трудах В. И. Ленина. — В. И. Ленин и истор. наука. Москва 1968, 507—509; Г. Ким, А. Кауфман, Ленинизм и национально-освободительное движение. Москва 1969, 7—36; К. Г. Левыкин, Произведения В. И. Ленина как источник по истории СССР периода капитализма. — Преподавание истории в школе 3 (1969), 12—18; С. Т. Калтахчян, Развитие В. И. Лениным историко-материалистической теории нации и современность. — В. И. Ленин и актуальные проблемы исторического материализма. Москва 1970, 251—252; Д. Зографски, По повод македонското издание на Лениновите трудови за националното и национално-колонијалното прашање. — В. И. Ленин за национално и национално-колонијалното прашање. Скопје 1959, 391—444; К. Миљовски, Националното прашање во теоријата и практиката на Ленин. — Свечен собир посветен на 100-годишнината од раѓањето на Ленин, Скопје, МАНУ 1970, 9—37.

[47]) Види: В. И. Ленин, Националното прашање во нашата програма. — В. И. Ленин, одбрани дела. Т. 4. Скопје 1967, 24—33; Истиот, Критички белешки за националното прашање. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 5, 345—380; Истиот, За правото на нациите за самоопределување. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 6. Скопје 1967, 25—94; Истиот, Резултатите од

за движењата меѓу народите во Азија и Далечниот Исток. Специјално го интересирале движењата во Индија, Кина, како и за другите средишта на антиимперијалистичкиот отпор.[48]) Неговата анализа на состојбата во овој дел на светот открила — како што рекол Хо Ши Мин — „... нова, вистинска революционерна епоха во колонијалните земји.“[49])

Меѓу кардиналните прашања на Лениновиот третман за периодот на империјализмот спаѓа проблемот на револуциите. Најголемо внимание Ленин посветил на Првата руска револуција од 1905—1907 година. Тој е всушност прв историчар на оваа Револуција и ја определил нејзината концепција. Неговото наследство за овој крупен револуционерен настан е огромно.[50]) Со тоа Ленин дал придонес за нејзино комплексно испитување. Неговите опсервации се задржуваат на безброј евидентни основни прашања. Иако самиот подвлекувал дека: „Во револуционерниот момент е многу тешко да се стигнат настаните ...[51]), Ленин ѝ оставил такви детали на историјата, што тие влегуваат во фондот на извонредно богат изворен материјал. Лениновите испитувања се движат на социјално-економските претпоставки, на пројавените закономерности, на сојузот со селанските маси, на карактерот на буржоаско-демократската револуција, за улогата на хегемонството на пролетаријатот, на советите — како значајна појава во револуционерниот процес и за прераснувањето на оваа Револуција во социјалистичка.[52])

Лениновите заклучоци за суштината на империјалистичките војни наоѓаат израз во неговите трудови и прилози посебно за

---

дискусијата за самоопределувањето. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 7. Скопје 1967, 157—200.

48) А. А. Мартынов, Ленин и Китай. — Вопросы истории 4 (1960), 94—106; India and Lenin. New Delhi 1960 (История СССР 2 (1961), 211—214; Ширендыв Б., В. И. Ленин и Монголия. — Вопросы истории 4 (1970), 183—190.

49) Г. Ким, А. Кауфман, Op. cit., 36.

50) Види: В. И. Ленин, Две тактики на социјалдемократијата во демократската револуција. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 4. Скопје 1967, 309—444; Истиот, Социјализмот и селанството. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 5. Скопје 1967, 49—58; Истиот, Аграрното прашање и критичарите на Маркс. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 3. Скопје 1967, 50—230; Истиот, Поуките од револуцијата. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 5. Скопје 1967, 200—206; Истиот, Револуцијата учи, — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 5. Скопје 1967, 25—35; и други.

51) В. И. Ленин, Две тактики ..., 311.

52) Види: П. Н. Соболев, В. И. Ленин о союзе рабочего класса и крестьянства в Великой Октябрьской социалистической революции. — Вопросы истории 4 (1960), 45—53; М. С. Персов, Op. cit., 29 Д. А. Коваленко, В. И. Ленин об основых этапах истории Советов (1905—1917 гг.). — В. И. Ленин и истор. наука. Москва 1968, 267—288; Н. Н. Яковлев, Некоторые вопросы истории Первой русской революции в трудах В. И. Ленина и в советской историографии. — В. И. Ленин и истор. наука. М. 1968, 222—236; Источниковедение Истории СССР XIX — начале XX в. Москва 1970, 434—435; Историография Истории СССР, 351.

карактерот на Првата светска војна. Тоа е, пред сè студијата „Социјализмот и војната“ во која, покрај теоретските поставки за типовите на војни, е дадена конкретно и карактеристика за оваа империјалистичка војна.[53]) и е доразвиена мислата за решавачката улога на народните маси во воените судрувања.[54])

Врвен дострел на Лениновиот историски третман се неговите трудови за големата Октомвриска социјалистичка револуција. За овој најкрупен револуционерен настан на XX век, кој има светско историско значење, карактеристично е да се подвлече дека Ленин бил не само идеолог, вдахновител, генијален стратег, организатор и раководител туку и негов прв историчар. Уште со чуените „Априлски тези“ Ленин даде анализа на конкретната револуционерна состојба и ги определи правците по кои да се одвива најголемата пролетерска револуција. Со тоа тој даде бележит пример на револуционерниот творечки марксизам.[55]) Неговиот опус за Октомври е огромен. По својата значајност тоа претставува драгоцен извор за суштината на пролетерската револуција и диктатурата на пролетаријатот, за новата власт на Советите и основите на првата социјалистичка држава во светот.[56])

Победата на социјалистичката револуција имала одраз врз историската концепција на Ленин. Со своите големи пролетерски придобивки таа веќе значела потврда, осмислување и оживотворување на неговите теоретски поставки и на неговата револуционерна акција. Всушност, тоа чинело и победа на Лениновата историска концепција. Новата состојба уште повеќе го ангажирала и активирала Ленина да дава теоретско и практично осмислување на ред актуелни проблеми. И сега активно се занимавал со историјата на Октомври и ситуацијата по Октомври, потоа со изградбата на социјализмот, внатрешната и надворешната политика, граѓанската војна, светските револуционерни процеси, социјалните односи во современоста и со други актуелни проблеми. Се смета дека неговите прилози од овој период (1917—1923) изнесуваат 15 тома.[57]) Тоа е веродостоен прилог кон историската наука.

---

[53]) В. И. Ленин, Социјализмот и војната. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 6. Скопје 1967, 215—216, 218 (В. И. Ленин, Социализм и война. — В. И. Ленин, Сочинения, т. 21, 267—307).

[54]) П. А. Жилин, В. И. Ленин и военная история. — В. И. Ленин и истор. наука. М. 1968, 135.

[55]) Б. М. Волин, Апрельские тезисы В. И. Ленина. Москва 1947, 3.

[56]) Види: В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 8—9. Скопје 1968; Исто — М. Румянцев, Op. cit., 5; И. И. Минц, В. И. Ленин и проблемы Октябрского вооруженого восстания. Новая и новейшая история 2 (1970). 45—54; К. П. Маслов, Op. cit., 154.

[57]) Види: М. Е. Найденов, Op. cit., 52; Очерки об историографии Советского общества. Москва 1967, 5—52; В. С. Кирилов, О некоторых сторонах военной деятельности В. И. Ленина в годы Гражданской войны — Вопросы истории 4 (1957, 3—23; Н. Е. Овчаренко, Ленин и мировой ре-

## 5.

Идеолошката работа и практичната револуционерна акција на Владимир Илич Ленин животно е поврзана со развитокот и историјата на работничката класа. Во неговиот опус голем дел се однесува на ова прашање. Со право е речено дека неговите трудови се енциклопедија за историјата на работничката класа.[58])

Ленин дал основен правец во историскиот развиток на работничката класа. На прв план тој, како и по другите прашања, и во овој случај ја нагласува заслугата на Маркса за нагласување на светско-историската улога на пролетаријатот како создавач на социјалистичкото општество.[59]) Ленин има особено голем придонес за уточнување историјата на руското работничко движење. Во еден говор за Ленин С. М. Киров (1924 год.). рекол дека животот на Владимир Илич се преплетува со судбината на руското работничко движење.[60]) Ленин е активен учесник во ова движење, негов прв историчар, организатор и раководител, водач на пролетерските маси. Во неговите трудови наоѓаме важни податоци за формирањето на работничката класа, создавањето на првите работнички организации, нивното окрупнување во РСДРП и дејност за омасовување на работничкото и пролетерското дело. Меѓу овие трудови се одделува неговата студија „Што да се прави" која претставува фундамент за историјата на работничкото движење во Русија. Во ова дело Ленин прави значајна периодизација за текот на ова движење[61]) кое е крупен пресврт со оснивањето на болшевизмот како револуционерна-марксистичка струја во редовите на работничкото и пролетерското движење. Ленин дава научна концепција за болшевизмот, анализа на дејствувањето на болшевичката партија и на нејзината револуционерна акција. Кај Ленин тоа е поврзано со создавањето на учењето за пролетерската партија од нов тип како авангарда и раководител на работничката класа во бор-

---

волюционный процесс в начале XX в. — В. И. Ленин и истор. наука, М. 1968, 475—483; В. В. Иванов, В. И. Ленин о соотношении истории и современности. — Вопросы истории 4 (1970), 4; В. В. Горбунов, Вопросы новейшей истории в трудах В. И. Ленина. — В. И. Ленин и истор. наука, 474.

58) В. А. Ежов, Некоторые проблемы истории советского рабочего класа. — В. И. Ленин и истор. наука. Ленинград 1970, 187.

59) И. С. Галкин, Некоторые проблемы, 115.

60) С. М. Киров, Ленин и рабочий класс. — Вопросы истории 4 (1954), 5.

61) В. И. Ленин, Што да се прави. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 3. Скопје 1967, 233—437 (В. И. Ленин, Что делать..?. — В. И. Ленин, Сочинения. Т. 5, 319—494). Види исто: Ю. З. Полевой, В. И. Ленин как историк возникновения русской социал-демократии. — В. И. Ленин и истор. наука. М. 1968, 173; Н. И. Кузнецов, В. И. Ленин и создание ЦК РСДРП. — Вопросы истории 4 (1970), 87—98; Ф. Е. Лось, В. И. Ленин как историк рабочего класса. — В. И. Ленин и истор. наука., 159—169.

бата за диктатура на пролетаријатот во изградбата на социјализмот и комунизмот. Оттука Ленин ја разработил теоријата и стратегијата на пролетерското движење. Самиот нагласувал дека без револуционерна теорија не може да постои револуционерно движење.[62]) Овој суштествен пункт во пролетерското движење особено суверено го разработил во мошне важниот труд „Чекор напред, два чекора назад." Во ова фундаментално дело Ленин ја разработува за прв пат партијата како раководна организација на пролетаријатот. Ленин верува во револуционерните и творечките сили на пролетаријатот како што, воопшто, верува во творечките сили на народните маси, бидејќи го смета народот за творец на историјата. Освен тоа, тој ја дава и визијата за иднината на пролетерската борба, за историската мисија на пролетаријатот.[63]) Оваа мисија Ленин ја разработува и низ призмата за улогата на пролетаријатот во буржоаско-демократската револуција, оценувајќи ги воедно перспективите во нараснувањето кон социјалистичка револуција.[64])

Низ призмата на иднината Ленин ги разработувал теоретските и практичните прашања поврзани со меѓународното работничко движење. Со аргументирани сведоштва Ленин го разработува периодот по Парискaта комуна како период на победа на марксизмот во работничкото движење. Меѓутоа, неговите погледи се свртени и кон раѓањето на противречностите и настанувањето на ревизионизмот и опортунизмот во меѓународното работничко движење во кое по смртта на Ф. Енгелс (1895 год.) се вовлекуваат идеи туѓи на марксизмот и пролетерската борба. Во трудот „Марксизмот и ревизионизмот" Ленин ги изнесува двете струи во развитокот на работничкото движење — на револуционерната — марксистичка и на десната ревизионистичка и опортунистичка. Овие спротивставувања и борби Ленин ги смета како увод во големите револуционерни битки на пролетаријатот.[65]) Ова Лениново становиште добива вообличен и образложен вид и во студијата „Пролетерската револуција и ренегатот Кауцки" во која изнесува жестока критика на опортуниз-

[62]) Види: И. С. Галкин, Борьба В. И. Ленина за сплочение революционных сил международного пролетариата. — Новая и новейшая история 2 (1960), 19; Советская историческая энциклопедия. Т. 8, Москва 1965, 556; К. К. Ширинӣ, Некоторы проблемы международного коммунистического движения в трудах В. И. Ленина. — Новая и новейшая история 5 (1970), 149; А. И. Зевелев, Л. С. Кузнецов, В. И. Ленин об истории возникновения большевизма. — История СССР 9 (1973), 34—45.

[63]) В. И. Ленин, Чекор напред, два чекора назад. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 4. Скопје 1967, 71—308 (В. И. Ленин, Шаг вперед, два шага назад. — В. И. Ленин, Сочинения. Т. 7, 185—392).

[64]) Види: С. В. Мурзинцева, В. И. Ленин о формах борьбы рабочего класса в годы нового революционного подъема (1910—1914). — В. И. Ленин и истор. наука., 62—69.

[65]) В. И. Ленин, Марксизмот и ревизионизмот. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 5. Скопје 1967, 117 (В. И. Ленин, Марксизм и ревизионизм. — В. И. Ленин, Сочинения. Т. 15, 15—25).

мот на Карл Кауцки[66]), нагласувајќи ја, притоа, величината на пролетерската револуција. Тука спаѓа и Лениновиот труд „Социјализмот и војната"[67]) во кој Ленин ги разобличил становиштата на опортунистите по прашањето на војната. Од не помала важност е и трудот „Крахот на II Интернационала" кој чини историја за растежот и падот на овој меѓународен форум на работничкото движење поради преовладување на реформистички и опортунистички елементи.[68])

Суштинските определби на Владимир Илич Ленин за творечка примена на поставките на револуционерниот марксизам наоѓаат на силен израз во големата Октомвриска социјалистичка револуција. Во своите бројни трудови Ленин ја подвлекува улогата на пролетаријатот, создавањето на првата социјалистичка држава и конечната победа на социјализмот. Во мошне значајниот труд „Левичарство" — детска болест во комунизмот" Ленин дава исцрпен научен третман за настанување на новата социјалистичка епоха, на состојбата во светот по победата на Октомвриската револуција. Освен тоа, тука тој ја определува и визијата на иднината во развитокот на човештвото.[69])

Владимир Илич Ленин придонел во доразвивањето на односите во меѓународното работничко и комунистичко движење кое, како одраз на Октомври, го бележи развитокот на новата современа епоха. Тоа, пред сè, е неговиот прилог кон развивањето на новите социјалистички односи во младата советска држава и историјата на советската работничка класа.[70]) Голем прилог претставуваат неговите трудови и прилози за III комунистичка Интернационала чијшто основач беше Ленин. Тој потврди дека светската историја непоколебливо оди кон диктатура на пролетаријатот.[71])

---

66) В. И. Ленин, Пролетерската револуција и ренегатот Кауцки. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 8. Скопје 1968, 92—93 (исто: В. И. Ленин, Пролетерската револуција и ренегатот Кауцки. Скопје 1950) /В. И. Ленин, Пролетарская революция и ренегат Каутский. — В. И. Ленин, Сочинения. Т. 28, 207—302/. Потребно е да се земе предвид и статијата: „За Диктатура на пролетаријатот." — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 8, 255—266.

67) В. И. Ленин, Социјализмот и војната, 226—229.

68) В. И. Ленин, Крахот на II Интернационала. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 6. Скопје 1967, 143—203 (В. И. Ленин, Крах II Интернационала. — В. И. Ленин, Сочинения, Т. 21, 181—232) /Предвид доаѓа и: Опортунизмот и крахот на II Интернационала. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 6, 287—319/. Види исто: Н. Крутикова, Из истории борьбы В. И. Ленина против опортунизма на международной арене. Москва 1955, 17—67; С. Л. Татаренко, Ленинская „Искра" — против российского и международного оппортунизма. — Вопросы истории 4 (1970), 99—107.

69) В. И. Ленин, „Левичарство" — Детска болест во комунизмот. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 8, Скопје 1968, 346—352.

70) Ф. Е. Лось, Op. cit., 178; В. Е. Ежов, Op. cit., 107—116.

71) В. И. Ленин, Третата Интернационала и нејзиното место во историјата. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 8. Скопје 1968, 98—207 (В. И. Ленин, Третий Интернационал и его место в истории. — В. И. Ленин,

Владимир Илич Ленин обрнал внимание на низа проблеми од настанувањето на новата социјалистичка епоха, со појавите во преодниот период како прва фаза на комунистичкото општество. Во фундаменталното дело на марксизмот-ленинизмот „Државата и револуцијата“ Ленин изнесува мошне оригинални мислења[72]) кои влегуваат во ризницата на научниот социјализам и комунизам.

## 6.

Во многустраниот научно-истражувачки и политички интерес на Владимир Илич Ленин кон светските проблеми, кон горчливите прашања што го бранувале човештвото, спаѓа и неговиот однос кон појавите во развитокот на Балканот. Тоа е интерес за борбата на балканските народи за слобода, за акциите на балканските работнички движења, за конкретната политичко-економска состојба во одделните балкански земји. Неговото внимание го привлекла и положбата на Македонија поради нејзините особености во меѓународниот политички живот во последните децении на XIX и првите децении на XX век. Ова внимание на овој голем корифеј на социјалистичката мисла и на пролетерската револуционерна акција е разновидно и зависно од општите светски раздвижувања, а потем и од разновидноста во појавата и развитокот на балканските прашања.

Овој Ленинов интерес опфаќа широк дијапазон на прашања. Во неговиот опус наоѓаме осврти и анализи на низа клучни историски домени. Пред сè би ги спомнале неговите заклучоци за резултатите од Руско-турската војна од 1877/1878 година во неа ги разграничил субјективните цели на оваа војна на рускиот царизам од објективните нејзини резултати.[73]) Тука спаѓаат и неговите набљудувања за текот на настаните во Македонија во почетокот на нашиов век. Како редактор на весникот „Искра“, првиот орган на руските револуционерни маркси-

---

Сочинения. Т. 29, 279—287). Од интерес да се спомене дека Ленин ги анализирал и работничките движења по Октомври во некои западноевропски земји. Види: Р. Палм Датт, Ленинизм и английское рабочче движение. — Новая и новейшая история 2 (1960), 36—49; Г. Поллит, В. И. Ленин и английское рабочее движение. — Вопросы истории 4 (1960), 15—18; Г. Яблонский, В. И. Ленин о польском рабочем движении. — Новая и новейшая история 2 (1960), 67—78; В. В. Чистяков, В. И. Ленин и германские левые социал-демократы. — В. И. Ленин и истор. наука. М. 1968, 527—538; В. Ульбрихт, В. И. Ленин и германское коммунистическое и рабочее движение. — Новая и новейшая история 1 (1970), 3—10; Ж. Дюкло, Влияние идей В. И. Ленина на развитие французского рабочего движения. — Новая и новейшая история 1 (1970), 17—31.

[72]) В. И. Ленин, Државата и револуцијата, 398—409. Види: В. М. Селунская, Разработка В. И. Лениным вопросов классовой структуры советского общества переходного периода. — История СССР 2 (1970), 20—24.

[73]) Х. Андонов-Полјански, Сан-Стефанска Бугарија. Скопје 1968, 21.

сти, Ленин објавувал од јули 1901 до крајот на 1903 година неколку соопштенија и статии за положбата во Македонија и за македонското прашање. Во статиите и соопштенијата од 1901 година се нагласува револуционерната борба во Македонија.[74]) Во 1903 година се објавени повеќе прилози за македонското движење, за дипломатските акции на империјалистичките сили за решавање на македонската проблематика. Дадена е верна карактеристика на потфатите на руската царистичка дипломатија во „смирувањето" на македонската револуција.[75])

Вриежот на илинденските настани Ленин ги следел со нужно внимание. Тој тогаш се наоѓа во Женева и живо ги следи настаните. Како главен информатор му служи швајцарскиот печат кој во детали изнесува за текот на македонската револуција. Ова негово внимание и интерес можеме да го потврдиме и со тоа што тој како редактор на „Искра" настојува да се добијат веродостојни податоци за оваа револуција и по тоа, што овој весник уште во самиот почеток на Илинденското востание го определи своето становиште. Во весникот во текот на август, септември и октомври 1903 година објавени се неколку статии и соопштенија за карактерот, особеностите и значењето на Илинденското востание. Овие статии главно се напишани од перото на Димитар Благоев, верниот Ленинов следбеник и соработник, истакнат балкански пролетерски деец и мислител, родум од Македонија, од Загоричани (Костурско), кој есента 1883 година во Петроград ја создава првата социјалдемократската група („Партија на руските социалдемократи" или „Благоевска група)"[76]) и со тоа овој син на Македонија се крштеваше во интернационалната револуција.[77]) Во неговите статии наоѓаме содржајна анализа на македонското движење, на односот на дипломацијата и дипломатските аспекти на македонското прашање, на внатрешната револуционерна дејност на Македонија, со инсистирање за давање полна автономија и, со инсистирање до меѓународната социјал-демократија да подигне глас во корист на македонското ослободително дело.[78])

Во одделните соопштенија за Македонија „Искра" во 1903 год. ја третира раздвиженоста на европската дипломација за решавање на македонското прашање[79]) и ги поткрепува демо-

---

[74]) Искра бр. 6 (јули 1901), 8.

[75]) Искра бр. 36 (15 март 1903), 2.

[76]) Е. Бужашки, Д. Благоев и победата на марксизма в българското социалистическо движение, 1885—1903. София 1960, 74; Исто: Ленин и исторические судбы болгарского народа. София — Москва 1970, 38.

[77]) Г. Бакалов, Избрани исторически произведения. София 1970, 433.

[78]) Искра бр. 46 (1. август 1903), 522; Искра бр. 48 (15 септември 1903), 582—583.

[79]) Искра бр. 49 (1 октомври 1903), 7—8.

кратските и прогресивните кругови во Внатрешната македонска организација.[80])

Забележителен интерес на Владимир Илич за Македонија и македонското национално-ослободително движење констатираме и во 1905 година. Во ова време, по првите револуционерни акции на Првата руска револуција, Ленин прави програма за вооружување на руските пролетерски маси. Тој се интересира за вооружениот систем и техника на другите ослободителни движења во чијшто склоп има посебен интерес и кон македонското движење. Податоци за овој негов конкретен интерес наоѓаме во спомените на Н. Е. Буренин кој бил директно ангажиран во создавањето на вооружени групи на руските пролетери. Според неговите податоци, за користење искуствата на другите ослободителни движења се воспоставила врска и со македонските револуционери. По директива на Ленин биле определени специјални емисари кои извршиле поврзување со македонските револуционери и од нив добиле цртежи и системи на вооружената техника, посебно за бомби. Овие цртежи биле усовршувани, а бомбите по изработката биле наречени — „м а к е д о н к и“, бидејќи биле изработувани по образец на македонските рачни бомби. (Некои од нив денес се чуваат во витрините на Ленинградскиот музеј на револуцијата). Освен за бомби, Ленин се интересирал и за експлозиви, при што повторно на ист начин се извршило поврзување со македонските револуционери. Била направена зделка на вакви експлозиви.[81]) Оваа дејност, овие непосредни директни, заемни врски на болшевиците со македонските револуционери регистрираат една мошне значајна компонента во Лениновиот интерес за македонското ослободително дело.

Владимир Илич пројавувал интерес и за реформаторската политика на империјалистичките сили во Македонија, а особено за резултатите на Младотурската револуција. Како редактор на низа болшевички весници Ленин настојува да се актуелизираат настаните од национално угнетените земји. Така, во една статија од август 1908 година објавена во весникот „Пролетариј“ реформите за Македонија се окарактеризирани како бесполезни и дека тие значат разгром на Македонија[82]), а во една друга статија во весникот „Рабочее знамја“ од ноември 1908 година дека реформите ништо не реформирале.[83])

Пресвртните настани со избувнувањето на Младотурската буржоаска револуција наишле на жив интерес кај Ленин. Тој во статијата „Настаните на Балканот и во Персија“ (29 октом-

---

80) Искра бр. 51 (22. октомври 1903), 7—8.

81) Н. Е. Буренин, Памятные годы. Воспоминания. Ленинград 1961, 64—65, 66—68.

82) Пролетарий бр. 34. (25. VIII. 1908).

83) Рабочее знамя бр. 5 (19. XI. 1908).

ври 1908) го подвлекува вниманието на Европа за Балканот во време на оваа Револуција која се појавила како резултат на одгласот на Првата руска револуција. Ленин смета дека оваа револуција претставува удар за европските империјалисти и дека таа ќе има успех ако ги развие стремежите кон автономија и вистинска демократија кај сите балкански народи.[84]) Ленин го акцентира единствениот правилен став да им се остави на балканските народи сами да решаваат за своите проблеми без никакво мешање однадвор.[85]) Резултатите на оваа револуција Ленин ги акцентира и во други свои статии од 1908 и во натамошните години.[86]) Тоа Ленин го прави со тенденција да го означи новото во оваа револуција, како и последиците што ги носи за развитокот на балканските народи.

За развитокот на Македонија и на другите балкански земји Ленин пројавува интерес и во време на Балканските војни (1912/1913 година). Овие војни тој ги следи со внимание. Особено се интересирал за причините, карактерот и последиците на овие воени судрувања. Овој негов интерес се потврдува со фактот дека за ова прашање напишал околу 15 прилози. Во овие прилози го следиме неговиот однос кон чинот на овие војни. Се акцентира резултатот од нив кој можел да води само кон осигурување на словенскиот и турскиот селанец „полна слобода внатре во секоја земја, во полната федерација и во демократските држави.“[87]) Овој заклучок Ленин го поставува на повисок чин, сметајќи дека „словенскиот и турскиот селанец на Балканот се браќа еднакво „угнетени“ од своите поседници и од своите влади.“[88])

Победоносниот крај на Првата балканска војна Ленин го бележи како почеток на „Нова глава во светската историја“, означувајќи ги последиците и резултатите за опстанокот на балканските народи.[89]) Поставувајќи ја оваа теза, Ленин го објаснува и значењето на овој чин. Последиците од таа победа треба да доведат до федеративна балканска република.[90]) Меѓутоа, Ленин го подвлекува и другиот фактор — слабоста на балканските држави да се оствари ова, поради постоењето на балканските монархии, а и поради слабоста и неразвиеноста на малубројниот пролетаријат кој единствено може да го реши бал-

---

[84]) В. И. Ленин, Сочинения. Т. 15. Москва 1947, 198—199. (Види: В. И. Ленин, Настаните на Балканот и Персија. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 5. Скопје 1967, 157—158.

[85]) Ibidem, 206—207.

[86]) Види: В. И. Ленин, Сочинения. Т. 15, 217—219.

[87]) В. И. Ленин, Позорная резолюция. — В. И. Ленин, Сочинения. Т. 18, 324—325.

[88]) Ibidem, 325.

[89]) В. И. Ленин, Новая глава всемирной истории. — В. И. Ленин, Сочинения. Т. 18. Москва 1948, 340.

[90]) Ibidem, 340.

канскиот гордиев јазол. Ленин ја подвлекува историската објективна поставка дека е направен чекор напред во урнувањето на средновековјето, кога се создаваат нови општествено-економски струења.[91]) Ленин го толкувал и социјалното значење на Балканската војна. Со оваа војна се создавале нови општествено-економски односи, се ослободувал македонскиот народ од петвековното ропство.[92]) Меѓутоа, во конкретниов случај, националното ослободување е ставено на заден план, бидејќи со војната Македонија била разделена на три дела, „ослободувањето" се заменува со национално угнетување од три балкански буржоазии. Затоа и Ленин тргнува од поврзаноста на економско-социјалното и националното ослободување. Овој негов постулат е образложен со констатацијата дека „... при целосно ослободување од земјопоседниците и од апсолутизмот, националното ослободување и полната слобода за самоопределувањето на народите би биле неизбежен резултат. Напротив, ако остане гнетот на земјопоседниците и на балканските монархии над народите, ќе остане бездруго во онаа или оваа мера и националното угнетување."[93]) Со оваа значајна, а воедно и визионерска поставка на Ленин, се разјаснуваат до голем степен резултатите од оваа војна, како и реперкусиите врз состојбата во Македонија. Овој објективен Ленинов заклучок е примерна своевидност во неговата историска концепција. Овој заклучок Ленин го образложува и во другите свои прилози за оваа проблематика. Тој ја нагласува и политиката на империјалистичките сили за создавање интриги на Балканот, се застапува за единствено решение на проблемот преку федеративна балканска република.[94])

---

91) Ibid., 341.

92) В. И. Ленин, Социальное значение сербско-болгарских побед. — В. И. Ленин, Сочинения. Т. 18, 368.

93) Ibid., 369.

94) В. И. Ленин, Балканская война и буржоаский шовинизм. — В. И. Ленин, Сочинения. Т. 19. Москва 1954, 19 (Исто. — В. И. Ленин, Балканската војна и буржоаскиот шовинизам. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 5. Скопје 1967, 314—315). Види за оваа проблематика: Мојсов, Ленин и националното прашање. — Социјалистичка Зора I/1 (1949), 63—69; Хр. Полјански, Ленин за балканските прашања. — Млада литература VII/8—9 (1957), 8—18; Истиот, Ленин за Македонија и балканските прашања. — Разгледи 4 (1970), 377—389; Истиот, Ленин за Македонија и балканските прашања. — Нова Македонија 4—9. XI. 1970, 3; Ленин и исторические судбы., 56—58; А. С. Шофман, В. И. Ленин и некоторые вопросы национально-освободительного движения балканских народов. Доклады. Казань 1961, 144—163; М. Пандевски, Ленин за Македонија во 1908 и 1912 година — Гласник XIV/1 (1970), 5—34; Истиот — Македонија во Младотурската револуција и во творбите на Ленин. — Културен живот 3—4 (1970), 14—17; R. Marojević, Lenjin o diplomatiji. — Ideje (Beograd) IV/1, 7—8; С. Благоев, Класиците на марксизмот-ленинизмот за националното прашање на Балканот и за самоопределување на македонскиот народ. — Гласник XVII/2 (1973), 31—32.

Владимир Илич Ленин projави интерес за Балканот и за време на Првата светска империјалистичка војна. Во неговите прилози од тоа време среќаваме акцентирање на примери од развитокот на ова подрачје, за улогата на пролетаријатот и односот кон војната, за избегнување дележот на Балканот меѓу империјалистичките сили.[95])

Вниманието на Ленин кон Балканот добива во време и по големата Октомвриска социјалистичка револуција нови форми и димензии. Ѓорѓи Димитров во една статија за Ленин вели дека борбата на балканскиот пролетаријат е непосредно врзана со името и делото на Ленин. Неговото име станало знаме во ослободителната борба на балканските работници и селани. Идејата на Ленин за самоопределување фрлила јасна светлина врз националната проблематика на Балканот, која единствено можела да се реши преку федеративен сојуз и преку полна слобода на самоопределување, за создавање на сојуз на балканските републики.[96])

Влијанието на Октомври и на идеите на Ленин се распространиле низ целиот Балкан и широко се одгласиле, добивајќи израз во зголемувањето на револуционерното освестување на работничката класа. Ленин дал особено висока оценка за ослободителната борба на Југословените.[97]) Тој, освен тоа, имал врски со низа доброволци од Балканот кои учествувале во Октомвриската револуција и во Граѓанската војна. Меѓу нив се наоѓаа и виден број Македонци кои играа и истакната улога. Врски со Ленин имале: д-р Владимир Каваев и неговата сопруга Елена, А. Мирчиќ, Михаил Антонов, д-р Гаврил Константинович, Душан Цекиќ и други македонски доброволци.[98]) За време на IV конгрес на Коминтерната (ноември—декември 1922 год.) Ленин се сретнал со Д. Цекиќ, тогашен раководител на скопската комунистичка организација, на него му рекол: „Знам дека вашата ситуација не е ни проста ни лесна, но знам и тоа дека на крајот мора да донесе победа.“[99])

---

[95]) Х. Андонов-Полјански, Ленин за Македонија, 396—397.

[96]) Г. Димитров, Избранные произведения. Т. 1. Москва 1957, 164—166.

[97]) Ю. А. Писарев, Советско-сербские отношения в период Бреста и Югославянская проблема. — Вопросы истории 8 (1973), 30.

[98]) Х. Андонов-Полјански, Ленин за Македонија, 397. Види исто: — Х. Андонов-Полјански, Октомвриската револуција и југословенските народи. — Историја III/2 (1967), 4—7; Ѓ. Миљковиќ, Македонија под знамето на Големиот Октомври. — Нова Македонија 17—18. XI. 1973, 11; П. Панайотов, Приносът на Българи за победата на Октомврийската революция. София 1967, 94—95; Хр. Андоновски, Штурмувакот на Зимскиот дворец. — Нова Македонија 7. XI. 1967, 4; В. И. Ленин и образование Коммунистических партиий в странах централной и юго-восточной Европы. Москва 1973, 360—364, 372—385.

[99]) Д. Недељковиќ, Лењин — революционар и филозоф. — Споменица, 14.

Лениновите поставки по ред проблеми од балканската историја, неговата луцидност во испакнувањето на специфичностите при акцентирањето на движечките процеси и појави претставуваат марксистички приод кон современата епоха. Овие поставки се од големо значење и за студиозното изучување на современата македонска историја. Ова признание кон Ленин било определено уште во јануари 1924 година кога весникот „Македонско сознание" објавило пригодна статија по повод смртта на Ленин со следниве зборови: „Македонија жали за големата загуба . . . Со смртта на Ленин Македонија загуби еден свој добар пријател и покровител."[100])

7.

Епохално е делото и придонесот на Владимир Илич Ленин кон историската наука. Тој, како и основачите на научниот социјализам — Карл Маркс и Фридрих Енгелс, ја издигна историјата на високо ниво и ја даде нејзината научна поставеност. Долорес Ибарури истакнува на едно место дека: „Животот и дејноста на Ленин е неразделна од историјата на секоја земја, од борбата на народните маси . . ."[101]) Швајцарскиот комунист Фриц Платен напишал дека: „. . . силата на Ленин е во тоа што тој во феноменална јасна форма ги гледа законите на историскиот развиток, со непоколеблива сигурност придонесува за развитокот на неизбежниот историски процес . . ."[102])

Голем е придонесот на Ленин за прифаќање и утврдување на марксистичкиот правец во историската наука. Неговото наследство е богато и разновидно. Тоа служи како научна основа за решавање на низа проблеми. Неговите трудови од областа на историјата се класичен пример за научното истражување, за испитување на историското минато, за методолошките основи на историската наука.

Уште поголемо е значењето на Владимир Илич Ленин во тоа што неговата дејност не е ориентирана само кон теоретската компонента, туку неговата цел била не само да го објасни светот туку и да го измени. Таа револуционерна компонента е особено карактеристична за неговото големо дело. Тој бил, пред сè, личност кој со своето име и дело и дал белег на современата историја. Тој е човекот кој повеќе од половина век доминира во светската историска и политичка сцена. Тој е гигант на мислата од XX век како што Маркс беше на деветнаесеттиот.

---

100) М. Пандевски, Еден македонски одглас во 1924 година. — Нова Македонија 29. I. 1967, 8.

101) Д. Ибаррури, Ленин — наш учитель, наш вождь. — Новая и новейшая история 3 (1960) 9.

102) В. И. Ленин в вcспоминаниях зарубежных современников. — Новая и новейшая история 1 (1970), 151.

Неговиот живот зрачеше како искра за да се вивне низ светлините на XX-от век.

Големото Лениново дело се состои во тоа што нашло потврда во творечката примена на историската практика, во создавањето на новиот свет. Од Октомвриската револуција наваму во светот евидентно се афирмираа, потврдија и проверија неговите мисли, и неговата акција. Тоа е епохата на социјалистичките револуции, тие се патиштата за создавање на ново социјалистичко општество. Лениновата мисла и дело се вплетени во големата борба за социјализам. Лениновата револуционерна стратегија, мисла и дело творечки се изрази и потврди, особено во Југословенската народна и социјалистичка револуција[103]) која ја водеше КПЈ на чело со Ј. Б. Тито. Југословенското социјалистичко самоуправно општество, кое афирмативно го бележи настанувањето на Титовата епоха, творечки е сврзано со големото Лениново учење.

СМИРЕНИОТ И ДОБЛЕСТНИОТ научник — Владимир Илич Ленин — со своето огромно наследство стои како гранитен столб во науката. **Срдечниот и дружељубив** човек со необична енергија и настојчивост ги пленувал и ги пленува милионите со својата исполинска, метеорска сила. **Смелиот и куражниот** водач и организатор со буревесничка и вулканска сила го сплотувал и водел пролетаријатот, а и народите кон посветлата иднина. Еднаш тој рекол: „... Утрешниот ден во светската историја токму ќе биде таков ден кога конечно ќе се разбудат од сон угнетените народи од империјализмот и кога ќе почне решителниот и тежок бој за нивното ослободување.“[104]

**Ѕвездениот миг** на Владимир Илич е свртен кон светлата утрешнина. Лениновата достоинствена визија е сонцељубив занес кон поубавата иднина на човештвото.

---

103) В. Влаховиќ, Делото и мислата на Ленина се сопственост на човештвото. — Историја VI/1 (1972), 5.

104) В. И. Ленин, Писма. — В. И. Ленин, Одбрани дела. Т. 11, Скопје 1968, 514.